# THE ROLE AND POSITION OF A WOMAN IN THE REPUBLICAN AND OTTOMAN PERIOD

**Nabi Yavuz Shenturan**
University "GoceDelcev" – Shtip, Republic of Macedonia, nabi.yavuz49@gmail.com

**Abstract:** Ever since the beginning of Turkish civilisation, women have played a very important role in Turkish societies, just as equally in social life or family life. As the family is highly regarded and valued as the basis of a country, so was the role of a woman regarded as highly relevant and of great importance and value. In various sources the role of a woman was confirmed to be meaningful even in the politic life of the Turks and in the legal composition. Women who had the choice of legal rights in societal life of old Turks have lost a great portion of the same and have never regained them until late. The role of women in society was greatly limited. Clothes were being changed and new norms such as - wearing cloaks were enforced. Emancipation of Turkish women the first steps towards rights acquirement in various areas, the downfallen and destructive approach and the Turkish nationalism has shown a parallel progress along with the process. With the proclamation of the constitution, the movements of women have started to untwist in society and women have gained intensity in discussion.
**Keywords:** Turkish woman, emancipation, constitutional period

# ПОЛОЖБАТА И УЛОГАТА НА ЖЕНАТА ВО ОСМАНЛИСКИОТ И ВО РЕПУБЛИКАНСКИОТ ПЕРИОД

**Наби Јавуз Шентуран**
Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев„ Штип, Р. Македонија, nabi.yavuz49@gmail.com

**Резиме:** Уште од најстариот период жената имала важна улога во турските држави, било во општествениот живот, било во семејниот. Како и семејството кое ја претставува основната структура на државата, така и улогата на жената секогаш била важна. Во разни извори се потврдува дека улогата на жената била значајна и во политичкиот живот на Турците и во правното уредување. Жените што имале различни права во општествениот живот на старите Турци изгубиле голем дел од овие права за време на османлискиот период. Улогата на жените во општеството во голема мера била ограничена, била променета облеката, и биле воведени разни нови норми како носењето на превези. Еманципацијата на жените во Турција, чекорите кон стекнување на права во многу области, прозападниот пристап и турскиот национализам покажаа паралелен развој со овој процес. Со прогласувањето на Уставот, движењата на жените почнале да се одвиваат во општеството и дискусиите за жените добиле на интензитет.
**Клучни зборови:** Турската жена, еманципација, уставен период

## 1. ВОВЕД

Најдобар доказ за способноста на турската жена, особено во општествениот и стопанскиот живот е формирањето на една професионална организација под име Bacıyan-ı Rum во Анадолија во османлискиот период. Ашикпашазаде вака ја објаснува Bacıyan-ı Rum: *... во Анадолија имало четири групи и тоа: Gaziyan-ı Rum, Abdalan-ı Rum, Ahiyanı-ı Rum и Baciyan-ı Rum' која, всушност, е старата Хатун Ана...* Фатма Баџи (исто така позната како Хатун Ана, Кадинџик Ана), беше основач на организацијата Bacılar, професионална организација основана од жени, слична на онаа на организацијата Ahilik, професионална организација основана од мажите во тоа време. Се споменува како духовно дете и ученик на Хаџи Бекташ Вели, духовниот водач на дервишкиот ред на Бекташиите. (Bayram, 1994:97).
Од основањето на османлиската држава улогата на Bacıyan-ı Rum е голема како што е улогата на другите професионални организации во исламизацијата и туркизацијата на Анадолија и Балканот. Оваа организација која била основана од Фатма Баџи, која е жена Ахи Евран, основачот на организацијата Ахилик, ги охрабрувала жените да учествуваат во производството и обезбедувала различни можности за нив. Во организацијата Ахилик, каде што уметноста, науката и моралот биле од најголемо значење, жените, исто така, имале важна улога во економскиот и општествениот живот. Фатма Баџи, сопругата на Ахи Евран, ја

формирала организацијата Bacıyan-ı Rum која била првата женска организација на светот за еманципација и обединување на жените (Bayram, 2002:74).
Анадолските „Бации", за кои се смета дека се појавиле во времето на анадолиските Селџуци, се родени како нормална последица на социоекономските, културните и политичките услови на времето и тие делуваа како женска гранка на анадолските Ахии. Имало посебни работни места наменети за жени во занаетчиските локации формирани од Ахиите во Кајсери. Жените кои припаѓаа на организацијата Baciyan-i Rum во овие занаетчиски локации ги работеа своите рачни занаети и своите професии. Жените повеќе произведуваа во областа на везот, обработката на влакната од животни, правењето платна за шатори, производството на килими, на свила и на памучно предиво. Организацијата Baciyan-i Rum ги задоволуваше и потребите од обука и образование на жените кои работеа, било во областа на професионалните и техничките прашања, било во областа од моралот.
Организацијата Baciyan-i Rum ги организираше анадолските жени да се борат против своите непријатели во одбрана на нивната татковина кога тоа беше потребно и, исто така, да се развиваат и напредуваат во уметноста, културата, литературата, економијата и социјалните области кога тоа беше потребно. Организацијата Baciyan-i Rum придонесе за развој на солидарноста, гостопримството, вистинитоста и сочувството меѓу жените и го забрза ширењето на турскиот јазик, турската култура и разбирањето на исламот кај жените.
Организацијата Baciyan-i Rum, исто така, под своја заштита земаше сирачиња и напуштени млади девојчиња и беше одговорна за нивното образование и воспитување. Освен тоа, постарите и осамени жени остварувале извесна социјална улога грижејќи се за мажење на младите девојки и помагајќи ги оние кои биле во финансиски тешкотии.
Културата на организацијата Ахилик со економските, социјалните, културните и моралните принципи, исто така придава значење и на правата и слободите на поединците. Организацијата Ахилик го усвои и меѓу машките членови го прошири принципот: „Контролирај ја својата рака, својот инстинкт и својот јазик!", односно „Не криди, не посегнувај по честа на никого и не зборувај лошо за никого". Преку женската организација Baciyan-i Rum, пак, меѓу жените беше усвоен и проширен принципот: „Внимавај на својот сопруг, на неговата работа и на неговата храна", односно „Помагај го својот сопруг, врзи го за домот и внимавај на неговата работа и живот". Ако се земат предвид економските и општествените потреби во годините на основањето на османлиската држава после XIII век, важноста на организациите Ахилик и Baciyan-i Rum ќе биде подобро разбрана. Организацијата Baciyan-i Rum е организација која се појавила од гледна точка на организирање на жените, во контекст на празнината и недостатокот што се чувствувал во општеството. Жените вклучени во оваа организација ги обучуваа своите приврзаници со определена цел и настојуваа да ги обединат во едно посилно национално и верско тело. Преку едукативни и пропагандни активности биле воспоставени социјални и економски врски особено со сирачиња, сиромашни, болни и стари жени.
Една од активностите на припадниците на Baciyan-i Rum во општествениот живот била нивната активност во ткаењето и ракотворењето. Познат е фактот дека различните традиционални ракотворби на турски жени се со висок квалитет и висока вредност. Занаетите како што се: изработка на шатори, преработка на животински влакна, боење, изработка на теписи и килими, ткаење и плетење, везење, како и изработка на облека од разни ткаенини ги окупираа турски жени. Овие рачни занаети од генерација на генерација до наши дни беа пренесувани од Централна Азија до Анадолија и Балканот. Како во организацијата Ахилик, така и во организацијата Baciyan-i Rum занаетите продолжувале да опстојуваат како традиција и стигнале до нашето време.

## 2. УЛОГАТА НА ТУРСКАТА ЖЕНА ВО СОЦИЈАЛНИОТ, ЕКОНОМСКИОТ И КУЛТУРНИОТ ЖИВОТ ВО ОСМАНЛИСКИОТ ПЕРИОД

**1. Периодот пред Танзиматот:** Во многу извори е забележано дека улогата на жените во старите турски држави била на исто ниво со мажите (Altındal, 1994, s. 49).
По освојувањето на Истанбул, со влијанието на Иран и на византискиот систем за управување, традициите и обичаите на општеството се промениле, особено во големите градови на Османлиската Империја, како што биле Едрене, Бурса, Истанбул. Жените го напуштиле социјалниот живот и се изолирале во сараите. Жените што имале различни права во општествениот живот на старите Турци изгубиле голем дел од овие права за време на османлискиот период. Улогата на жените во општеството во голема мера била ограничена, била

променета облеката, и биле воведени разни нови норми како носењето на превези. Покрај тоа, жените кои биле ограничени да излегуваат на улица, почнале повеќе да ги организираат своите животи во своите домови. Исламското правно уредување на жените им донело разни ограничувања во областа на бракот, разводот, наследството, стекнувањето на имот и сл.

Додека положбата на жените кои живееле во османлиските сараи била ваква, жените кои живееле на село продолжиле да придонесуваат кон економскиот живот, работејќи заедно со мажите на нивите, во лозјата, во бавчите. Покрај земјоделските активности, тие ги продолжиле активностите како што биле ткаење, производство на теписи, килими, ткаенини, како и одгледување на животни. Жените, исто така, се придржувале кон своите стари традиции во смисла на покривање, и во таа област врз нив не влијаеле многу султанските фермани. (Altindal, 1994: 50). Во овој период, особено на жените кои живееле во руралните средини не им била дадена можност да читаат. Тие можеле да одат само во медреси кои давале верско образование.

Понапредно образование на девојчињата обично се изведувало под надзор на мајката, ретко од приватните тутори, во зависност од културните и економските можности на семејството. Девојчињата кои имале специјално образование имале шанса да станат поети, калиграфи, композитори и сл. Во овој период, жените кои поседуваат вакафи, исто така, доаѓале од вакви семејства. Височината на капиталот на вакаф основан од жена изнесува 1/3 од вкупната сума.

**2. Периодот на Танзиматот:** Танзиматот се појави како резултат на кампањите за модернизација што се спроведуваа со цел да се спаси ослабената држава и во историјата е запишан како почетна точка на процесот на модернизација кој се протега до наши дни. Еманципацијата на жените во Турција, чекорите кон стекнување на права во многу области, прозападниот пристап и турскиот национализам покажаа паралелен развој со овој процес. Промените кои се случија за време на процесот кој започна во Османлиската Империја со Танзиматот и кој продолжи до Првиот и вториот уставен период и до Републиканскиот период, апсолутно ги променија позициите на жените во општеството. Со почетокот на губењето на територии на Османлиската Империја против Западот, биле направени низа нови структурни организирања започнувајќи од военотехничката структура до системот за образование и обука, па дури и во административна организација. Танзиматскиот фермани кој бил обзнанен на 3 ноември 1839 година во паркот Ѓулхане во палатата Топкапи, го претставуваше почетокот на една нова ера во Истанбул. Во овој период кога процесот на вестернизација се забрзуваше, во Истанбул имаше многу иновации, од архитектурата до начинот на живот, од образовните институции до индустриски претпријатија (Ortaylı, 1974: 85). За жените во Танзиматскиот ферман не биле направени никакви посебни уредби и женското прашање не било дискутирано. Но, турските интелектуалци кои биле под влијание на развојот на Западот, правеле големи напори со цел да ја променат ситуацијата на жените и тоа го сметале за основна карактеристика на модернизацијата кон која биле насочени. Се отворале училишта за девојки, беше укинато конкубинството и започна укинувањето на забраните како што беа неможноста да излезат на улица или да влезат во јавни места.

Додека жестоките дебати и судири во општеството продолжувале со сета брзина со цел да се решат немирите што ја назадуваа државата, во овие дебати свое место започнале да заземаат и женските и семејните теми. Прашањето за давање значење на образованието на жените, кои беа натоварени со обврската за одгледување и воспитување на голем дел од населението, зазеде важно место во овие дискусии. Според законските и општествените услови што ги создаде Танзиматот, на жените им биле овозможени важни поместувања во правото на образование. (T.C. Başbakanlık Aile Araştırma Kurumu, 1992: 198). Ако сметаме дека образованието на жените е толку важно во смисла на модернизација, децата се причина за поврзаноста помеѓу заостанатото општество и ослободувањето на жените од незнаење. Жената мајка со нејзината улога е одговорна за однесувањето на детето, бидејќи улогата на мајките кои им го даваат првото пристојно воспитување во одгледувањето на своите деца како корисни членови на државата и на нацијата е огромна. Поради оваа причина жените треба да се воспитуваат како добри мајки. (Toska, 1998: 71) Во 1859 година во Истанбул беше отворено првото женско руждие (средно образование). Според уставот од 1876 г. основно образование стана задолжително и девојчињата имаа право на еднакво образование. Периодот на Танзиматот беше периодот кога на турските жени од страна на државата им биле отворени патиштата за стручно и културно образование (Kurnaz, 1992: 111). Во 1842 година од страна на главниот лекар на медицинското училиште било испратено едно барање до власта за отворање на акушерски курсеви во училиштето и тоа било прифатено. Во овој случај девојките дипломирани на акушерското училиште се

сметаат за првите жени кои добиле стручно образование во Османлиската Империја. (Kurnaz, 1992: 28) На дипломираните ученички на Истанбулското училиште за учителки (Dârülmuallimât), отворено во 1870 година, им биле дадени дипломи за професија учител во руждие или во основно училиште, согласно нивните способности. Дипломираните на Dârülmuallimât ја добиле почеста да бидат првите женски државни службенички (Kurnaz, 1992: 38). Сите овие образовни можности и можностите за вработување за жените значеле и можност за зголемување на личното образование во служба насочена само кон сопствениот род, така што во подоцнежните периоди, користејќи го ова образование, тие можеле да преземат поголеми чекори во својот професионален живот. (Kurnaz, 1992: 38)

**3. Уставен период:** Уредбите донесени со Уставот од 1908 година резултирале со сеопфатни промени во политичкиот, социјалниот и економскиот живот. Со прогласувањето на Уставот, движењата на жените почнале да се одвиваат во општеството и дискусиите за жените добиле на интензитет. Колку и да размислувала Владата на свој начин за поддршка на активностите на жените, сепак таа значително го зголемила местото на турските жени во општествениот живот. Остварувањето на правата на жените, а со тоа и развојот на турската структура на семејството влегло во реализација по објавувањето на Вториот устав во јули 1908 година. Во атмосфера на слобода која се чувствувала во целата земја било укинато ропството, но сепак многу слуги и конкубини не ги напуштиле конаците на своите господари. Затоа што тие во конакот биле сметани за членови на семејството и биле задоволни од нивниот живот. Сепак, движењето на феминизмот бргу напредувало во Вториот уставен период (Feyzioğlu, 1992: 27). Во овој период женските теми се сметале за современи проблеми и во текот на споменатиот период се појавиле многу дела за жените. За време на уставниот период девојчињата започнале да посетуваат средно и високо образование. Според зборовите на професорот Тунаја, *„женското прашање било прифатено како едно национално економско и културно прашање. Започнале да се формираат женски здруженија".* На Универзитетот, на општите часови на Факултетот за литература женските студенти оделе заедно со машките. (Güzel, cilt: 3, 1985: 860)

Вториот уставен период ги забрзувал дискусиите на теми за женските права, додека во исто време започнале да излегуваат нови списанија и весници и почнале да се формираат здруженија. Здруженијата работеле различни теми и пишувале за потребата од „ослободување од традиционалните лисици на рацете на жените“. Но, неповолниот став што владата на Партијата за единство и напредок го наметна кон темата за слободата на жените, како и кон сите слободи, всушност, им попречи на оваа мобилност и ентузијазам. Списанието „Женски свет“, орган на Друштвото за одбрана на женските права, го изрази ова по повод првата годишнина од Уставот, опишувајќи ја оваа годишнина како „празник на мажите“, велејќи: „Спасете нè од ропството во кое живееме“. (Güzel, cilt: 3, 1985: 868)

Во овој период женските здруженија со цел да го зголемат нивото на писменост, да го подобрат статусот во општеството и семејството, отвориле курсеви за жени и во женските списанија правеа сè за да ја подигнат свеста кај жените. Многу од овие здруженија се сведоци на раѓањето на голем број феминистички организации, некои од нив добротворни. Сите овие организации имаа за цел подобрување на положбата на жените: обука на жените, создавање можности за работа, модернизирање на нивната облека и услови за живот и сл. (Berktay, 1994: 20-21) Во текот на овој период беше направен голем напредок во областа на образованието и беа отворени многу училишта за жени. Во 1915 година на Истанбулскиот универзитет за жените имаше четири дена во неделата предавање кои подоцна ќе прераснат во факултети. Во 1915 година беше отворен Универзитетот за девојки (İnas Darülfünun), а ученичките од женските средни педагошки школи станаа првите дипломирани студенти на овој универзитет. (Inan, 1982: 95).

## 4. ЗАКЛУЧОК

Во XVII и XVIII век османлиската држава, оставајќи го најсветлиот период зад себе, доживува големо назадување. За да излезе од таа ситуација, таа презема редици мерки за модернизација Жените, кои претставуваа столб на модернизација за која се верува дека започнала со Танзиматот, и кои се наша тема, всушност биле насекаде, но не се сакало да бидат видени. Турските жени, и покрај сета заостанатост на земјата, настојувале да најдат решение за состојбата во која се нашла земјата, наспроти многуте самобендисани мажи. Меѓутоа, во тоа време мажите како одговорни за заостанувањето посочуваа на нивните мајки. Било одлучено да се даде значење на образованието на мајките кои во периодот на Танзиматот и Уставната монархија ќе ги подигнат луѓето на иднината. Но, војните што следеле биле причина за докажување на жените за кои се мислело дека не можат да сторат ништо. Понекогаш жената беше работник, понекогаш медицинска сестра, понекогаш носеше муниција, понекогаш војник на фронтот,

жените биле насекаде. Секој имал свој придонес во извојуваната војна. Со прогласувањето на Републиката жените добија редица придобивки. Но, тие повторно не сакаа да ги надминат ограничувањата. Бидејќи веќе беа толку еманципирани и беа благодарни за она што им беше дадено.

**ИЗВОРИ**

[1] Altındal M. (1994), *Osmanlıda Kadınlığın Durumu*, Altın Kitaplar Yayınevi, 1.Baskı, İstanbul.
[2] Arat Y. (1999), *"Türkiye'de Modernleşme Projesi Ve Kadınlar",* 2.B. İç: Sibel Bozdoğan Ve Reşat Kasaba (Ed.) *Türkiye'de Modernleşme Ve Ulusal Kimlik*, Tarih Vakfı Yurt Yayınları, İstanbul.
[3] Bayram M. (1994), *Fatma Bacı Ve Bâcıyân-I Rûm* (Anadolu Bacıları Teşkilatı), Konya.
[4] Bayram M. (2002), *"Bacıyan-I Rum (Anadolu Bacıları) Ve Fatma Bacı",* Türkler, C.6, Yeni Türkiye Yayınları, Ankara.
[5] Berktay F. (1994), "*Kadın Hareketinin Kurumsallaşması: Fırsatlar Ve Rizikolar",* Çev: Meral Akkent,1. Baskı, Metis Yayınları. İstanbul.
[6] Canatan K. (1995), *"Kadın Ve Gelişme, Bir Değişim Süreci Olarak Modernleşme"*, İnsan Yayınları, İstanbul.
[7] Çetin O. (1993), *"Anadolu'nun İslamlaştırmasında Kadınların Rolü",* 3. Milli Selçuklu Kültür Ve Medeniyeti Semineri, 20-22 Mayıs 1993, Selçuk Üniversitesi, Konya.
[8] Feyzioğlu T. (1992), *"Atatürk Ve Kadın Hakları"*, Atatürk Araştırma Merkezi Dergisi, Cilt:2, Sayı:6. Ankara.
[9] Güzel Ş. (1985), *"Kadın", Tanzimat'tan Cumhuriyet'e Türkiye Ansiklopedisi*, Cilt:3, İletişim Yayınları, İstanbul.
[10] İnan A. (1982), "*Tarih Boyunca Türk Kadının Hak Ve Görevleri"*, 4.B., M.E.B Yayınları, İstanbul.
[11] Kurnaz Ş. (1992), *Cumhuriyet Öncesinde Türk Kadını (1839-1923*), Meb Yayınları, İstanbul.
[12] Ortayli İ. (1984), *"Osmanlı Toplumunda Aile",* İç: Necat Erder (Ed.) *Türkiye'de Ailenin Değişimi: Toplum Bilimsel İncelemeler*, Türk Sosyal Bilimler Derneği Yayınları, Ankara.
[13] T.C. Başbakanlık Aile Araştırma Kurumu (1992*), "Sosyo-Kültürel Değişme Sürecinde Türk Ailesi"*, Cilt:1, Ankara.
[14] Toska Z. (1998), *"Cumhuriyet'in Kadın İdeali: Eşiği Aşanlar Ve Aşamayanlar",* İç: Ayşe Berktay Hacimirzaoğlu (Ed.) *75 Yılda Kadınlar Ve Erkekler*, Tarih Vakfı Yayınları, İstanbul.